**О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул: “М.М.Брицо“ бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**www.delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 2**
**19.02.2009 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Сектор за правни и општи работи**
**и ЛЕР**

**Февруари 2009**
**Д е л ч е в о**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување акти од 34. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во "Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево, ги донесе на својата **34.седница** одржана на ден **18.02.2009** година и тоа:

1.Програма за активностите на Општина Делчево во областа на промоција и комуникација со јавноста 2009 - 2011 година;

2.Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2009 година;

3. Одлука за давање согласност на Статутот на локалниот музеј на град Делчево "Пијанец"-Делчево.

4. Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа на СОУ "М.М.Брицо"-Делчево во учебната 2008/2009 година;

5. Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ОУ "Ванчо Прке" во учебната 2008/2009 година;
6. Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ОУ Св."Климент Охридски" во првото полугодие во учебната 2008/2009 година;
7. Заклучок за усвојување на Финансиски план на ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2009 година ;

8.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на овластениот инспектор за животна средина со Заклучок за усвојување;

9. Заклучок за усвојување на План за вршење на инспекциски надзор од областа на заштитата на животната средина за 2009 година ;
10. Програма за енергетската ефикасност во уличното осветлување на општина Делчево 2009-2011;
11. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.
12. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 08-118/1** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**19.02.2009 година** **НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Д е л ч е в о** **Мирко Иванов, с.р.**

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Делчево во областа на промоција и комуникација со јавноста 2009-2011 година**

## 1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

### *1.1. ОСНОВА*
### *1.2.*

Како континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации помеѓу Општината и целните групи на граѓани, комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно највисоките европски и светски стандарди.

Со цел да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста, Советот на Општина Делчево, за првпат усвојува Програма за активностите на Општина Делчево во областа на промоција и комуникација со јавноста.

Програмата овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста како и јасно лоцирање на расположивите капацитети на овој план.

Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, програмата овозможува реализација на значајни активности за презентација и промоција на резултатите што општината како и подготовка на неопходен промотивен материјал за граѓаните.

Огромна поддршка за програмата особено на планот на комуникација со јавноста претставува отворањето на едношалтерскиот систем „Граѓанскиот сервис центар" каде до граѓаните најчесто се дистрибуираат сите неопходни информации и промотивни материјали.

Општина Делчево активно се вклучи и во новоформираната Мрежа за односи со јавност, поддржана од ЗЕЛС, а во рамките на процесот на евроинтеграции што ќе овозможи во периодот што следи, интензивна дистрибуција на информации за прашањата поврзани со ЕУ во соработка со Секторот за европски прашања.

Успешните практики на планот на промоцијата и комуникацијата со јавноста како и лоцирањето на критичните точки на кои им е неопходна интервенција, налагаат усовршување на програмата во контекст на јасно детерминирање на планот на активности.

Токму поради комплексната природа на активностите во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста оваа Програма претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства.

### 1.3. ОПРАВДАНОСТ

#### *1.3.1. Приоритетни потреби:*

- ***Продлабочување на Комуникацијата со јавноста***

Подготовката и имплементацијата на еден ваков програмски документ е од големо значење за континуираниот процес на информирање на граѓаните за сите активности на Општината како и

соработката со граѓаните во рамките на планирањето и реализацијата на сите идни активности од значење за развојот на локалната заедница.
Задоволството на граѓаните од услугите што им ги нуди Општината зависи и од степенот на информираноста за видот на услугите и начинот на давањето на тие услуги. Граѓанскиот информативен центар е во насока за подобрување на условите за комуникација, посебно двонасочна комуникација со граѓаните, додека постоењето на Програма со јасно детерминирани приоритети и активности и со вклучување на споменатите фактори се покажа како повеќе од неопходно кога станува збор за една транспарентна Општина- каква што сака да биде Општина Делчево.

Раководејќи се од мотото „ Информирани граѓани-наша цел", Општина Делчево во 2009 година, согласно оваа Програма ќе работи на следниве приоритетни потреби:

- Зајакнување на капацитетите за промоција и комуникација со јавноста.
- Зајакнување на креативните капацитети за подготовка и реализација на кампањи за промоција на општината.
- Интензивирање на комуникацијата со граѓаните.
- Зголемување на бројот на изданија на промотивни материјали
- Организација и реализација на редовни прес- конференции и брифинзи
- Реализација на презентации и емисии посветени на работата на Општина Делчево.

- Промоција

Вклучувањето на промоцијата во буџетското планирање, овозможи достигнување на конкретни и мерливи резултати преку активности за подготовка и издавање на брошури чија цел е презентација на резултатите и стратешките заложби за развој на локалната заедница.

Утврдувањето на постоечки капацитети за развој на промотивната активност, интерно во општинската администрација уште повеќе ја нагласи потребата од искористување на постојните капацитети во реализација на атрактивен промотивен материјал.

Промоцијата, исто така овозможува интензивна соработка и размена на идеи со бизнис-заедницата што е уште една придобивка за Општина Делчево.

Целта на оваа програма е да обезбеди стратешки пристап во организирањето и спроведувањето на кампањи за промоција на Општина Делчево во текот на 2009 година.

Секоја кампања поради природата на проблемот или темата што ја третира бара поинаков приод, но сите без исклучок бараат креативност со која ќе се поттикне интересот на граѓаните да дознаат нешто повеќе за Општината и услугите со кои Општината може да им помогне.

### 1.2.2 Предложен пристап

Локалната администрација од сферата на односите со јавност и Одделението за ЛЕР, како тим функционален во сите области, во соработка со градоначалникот ќе ги разгледува предлозите за организирање на кампањи чија цел е промоција на Општината во целост или промоција на одредена активност или услуга.

Тимот ќе утврди пристап за промоција на Општината за секоја кампања поединечно.

Пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

## 2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

### 2.1. Генерална цел:

Промоција на општината и воспоставување на добра комуникација со граѓаните во прилог на развојот на локална демократија и заедничко делување на планот на развој на локалната заедница во целина.

### 2.1.1. Цели:

- Подготовка и реализација на кампањи за промоција и информирање на јавноста
- Продлабочување на комуникацијата со сите целни групи на граѓани-корисници на услуги;

### 2.1.2. Целни групи

- Урбани и месни заедници
- Здруженија на граѓани
- Бизнис –сектор
- Медиуми
- Сите граѓани корисници на услуги
- Потенцијални инвеститори
- Туристи и посетители
- Донатори
- Меѓународни организации
- Претставници на збратимени градови и градови пријатели на Делчево

### 2.1.3 Активности

Промоцијата и комуникацијата со јавноста ќе ги опфатат следните активности:

- Подготовка и дистрибуција на печатен промотивен материјал за Општина Делчево (брошура,изработка на ЦД-материјал);
- Подготовка и реализација на кампања за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Граѓанскиот сервис центар (печатење на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот, плакат)
- Подготовка и реализација на кампања „Заедно до поубаво Делчево" :

-акција за „Избор на најубаво уреден двор во Делчево" (обезбедување на награди, плакати, флаери, изработка на рекламен тв и радио спот),

- акција за „Избор на најубаво новогодишно украсен излог, балкон, куќа, двор"(обезбедување на награди, плакати, флаери, изработка на рекламен тв и радио спот),

- акција од областа на екологијата „Стоп за ПЕТ во Делчево" ( изработка на плакати, флаери)

- акција за вклучување на граѓаните во изработката на Буџетот на Општината „Отворен ден- ден на идеи и проекти"

(изработка на флаери, рекламен ТВ и радио спот)

- Презентации посветени на работата на Општината:

-урбанизам, комунална хигиена, даноци и такси, заштита на животната средина, култура, природно и историско културно наследство, образование и сл.

- Поставување на инфо- киосци во централното градско подрачје
- Печатење и дистрибуција на општински гласник „Инфо Делчево"( месечно издание)

Треба да се има во предвид дека списокот на активности сублимирани во поимот „промоција" зависи од многу фактори како на пример од видот на активноста што се промовира или целта што сакаме да ја постигнеме што оди во прилог на флексибилноста на програмата.

### 2.1.4 Очекувани резултати

- Интензивирана промоција на Општината
- Зголемена информираност на граѓаните
- Зголемено учество на граѓаните
- Зголемен број на проекти со учество на нво секторот, бизнис секторот и медиумите
- Зголемен број на инвеститори
- Зголемен број на туристи и посетители

**Очекувани продукти**

- Расположив промотивен материјал за Општина Делчево
- Расположиви брошури и флаери за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Граѓанскиот сервис- центар
- Расположиви брошури за кампањи од јавен интерес
- Расположиви брошури за манифестации од меѓународно значење
- Подготвени и емитувани аудио и тв спотови

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Покрај тимот во организацијата на програмата ќе се вклучат Градоначалникот и Советот на Општина Делчево кои со свои идеи и решенија можат да придонесат за успешна реализација на програмата.
Сите предложени решенија ќе ги разгледуваат сите учесници за секоја кампања поединечно.
Во кампањите во зависност од околностите ќе бидат вклучени претставници на нво секторот, бизнис секторот и медиумите.
Развојниот тим ќе ги разгледува ефектите од секоја кампања.

## 4. ОДРЖЛИВОСТ

Расположивите човечки ресурси и можноста за креативен пристап во обезбедувањето на што поголем обем на информации за граѓаните како корисници на услугите, целта на Општината за транспарентна Општина што е и законска обврска на секоја општина следена и оценувана и од странските донатори, средствата од Буџетот кои годишно ќе се предвидуваат за таа намена, како и можноста што се дава кај странските донатори за потранспарентна Општина и општина- јавен сервис на граѓаните ја даваат одржливоста на оваа програма.

| ОПИС | Вкупно | Општина Делчево | Други извори донации |
|---|---|---|---|
| • Подготовка и дистрибуција на печатен промотивен материјал за Општина Делчево - извештај за работата на Општината- транспарентност и отчетност. | 50.000 | 50.000 | / |
| • Подготовка и реализација на Кампања за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Граѓанскиот сервис-центар (печатење на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот, плакат) | 10.000 | 10.000 | / |
| • Подготовка и реализација на Кампања „Заедно до поубаво Делчево" -акција за „Избор на најубаво уреден двор во Делчево" | 40.000 | 40.000 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (обезбедување на награди, плакати, флаери, изработка на рекламен тв и радио спот),<br>- акција за „Избор на најубаво новогодишно украсен излог, балкон, куќа, двор"(обезбедување на награди, плакати, флаери, изработка на рекламен тв и радио спот),<br>- акција од областа на екологијата „Стоп за ПЕТ во Делчево" ( изработка на плакати, флаери)<br>- акција за вклучување на граѓаните во изработката на Буџетот на Општината „Отворен ден- ден на идеи и проекти"<br>(изработка на флаери, рекламен ТВ и радио спот) | | | |
| • Презентации посветени на работата на Општината:<br>-урбанизам, комунална хигиена, даноци и такси, заштита на животната средина, култура, природно и историско културно наследство, образование и сл. | 10.000 | 10.000 | |
| • Поставување на инфо киоск, огласни и инфор.табли во централното градско подрачје | 180.000 | 80.000 | 100.000 |
| • Печатење и дистрибуција на општински гласник„ИнфоДелчево"-месечноиздание | 200.000 | 200.000 | |
| **Вкупно** | **490.000** | **390.000** | **100.000** |
| **Буџет за 2010 г.** | **550.000** | **450.000** | **100.000** |
| **Буџет за 2011 г.** | **600.000** | **500.000** | **100.000** |

**Број 07-105/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02.2009 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање( "Сл.весник на РМ" број 24/08) , член 22 став 1 и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/2002), Советот на Општина Делчево на седница одржана на ден 18.02.2009 год. донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2009 година

**Урбанистички планови за град Делчево:**

1.Измена и дополнување(парцијално) на **Генералниот урбанистички план на град Делчево (ГУП) и тоа:**

-во Урбана единица 1 , Блок 1.5 ,

-во Урбана единица 2 , Блок 2.8 и Блок 2.9 .

2. Измени и дополнување на **Детален урбанистички план за Централно градско подрачје, блок 2.2 во урбана единица 2**, со опфат од 26,5 ха и граници:

-северозапад – улица "Индустриска"
-североисток-"ул."Булевар Македонија",
-југоисток улица "М.М.Брицо"
-југозапад река Брегалница

3. Изработка на Детален урбанистички план за локалитет **"5-ти Реон"** во Делчево со опфат од **9.02ха**, дел од **Блок 3.1 во Урбана единица 3, со граници.**

-север граница на ГУП
-исток –ендек (граница на блококови 3.1 и 3.2)
-југ- граница на намена мало стопанство
-запад граница на ГУП

4. Измени и дополнување на Детален урбанистички план од населба **"Милково Брдо"** во Делчево, дел од **блок 1.3 во Урбана единица1**, со опфат од 4,05 **ха** и граници:

-југ- ул."Гоце Делчев"
-исток –ул."Питу Гули"
-север ул. "Велко Влаховиќ"
-запад ул."Македонска".

5. Измени и дополнување на Детален урбанистички план од населба **"Милково Брдо"** во Делчево, дел од **блок 1.3 во Урбана единица1**, со опфат од 14,4 **ха** и граници:

- југо запад - ул."Бул.Македонија" и ул."Македонска",
- југо исток – дел од ул."Велко Влаховиќ" и дел од ул."Пере Тошев",
-североисток граница на ГУП
-северозапад ендек од Бакини ливади ( граница помеѓу блоковите 1.2 и 1.3

6. Измена и дополнување на дел од **Детален урбанистички план Старо Делчево** во Делчево, дел од **блок 2.6 во Урбана единица 2** , со **опфат од 3,75 ха** со граници :

-североисток - дел од ул."Крушевска"
-југоисток – дел ендек
-северозапад дел од ул."М.Тито".
-југо запад дел од ул."М.Тито".

7. Измена и дополнување на дел од **Детален урбанистички план Старо Делчево** во Делчево, дел од **блок 3.7 во Урбана единица 3** , со **опфат од 6.13 ха** со граници :

-североисток - дел од ул."М.Тито"
-југоисток - граница на опфат
- југозапад - граница на опфат
- северозапад -Таушански ендек

8.Измена и дополна на **Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона Блок 1.2 во Урбана единица 1** со опфат од 22,72 ха со граници:

-северозапад -ендек кај населба "Басарица",
-североисток-граница на градежен реон,
-југоисток ендек од "Бакина ливада", и
-југозапад "ул."Булевар Македонија"

9.Измена и дополна на **Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона** во град Делчево дел од Блок 2.1 во Урбана единица 2 со опфат од 17,2 ха со граници:

-северозапад – Граница на градежен реон
-североисток-"ул."Булевар Македонија",
-југоисток улица "Индустриска" и
-југозапад - асвалтирана улица кон кожара

10. Измена и дополна на **Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона** во град Делчево дел од Блок 2.1 во Урбана единица 2 со опфат од 10,14 ха со граници:

-северозапад – Граница на градежен реон
-североисток- предвидена улица покрај кожара
-југоисток ограда на кожара, ул."3" и ул."Индустриска"
-југозапад река Брегалница,

11. По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се вршат измени и дополнување и на други делови од Деталниот урбанистички план на град Делчево и да се донесуваат Урбанистички планови вон населено место во КО-Делчево.

**Урбанистички планови за селата во општина Делчево:**

1. Урбанистички план вон населено место за **локалитет "Ладилник"** во катастерска општина Чифлик со плански опфат од 3.75 ха по границите на катастирските парцели број 844 и 845 .

2. Урбанистички план вон населено место за **локалитет Црквиште во Дуовска Маала** с.Очипала, КО Очипала со плански опфат од 1.05 ха по границите на катастирските парцели број 2552 и 2556 .

3. По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат Урбанистички план вон населено место во катастерските општини на сите села во општината, како и урбанистички план за село за сите села.

Финансирањето на урбанистичките планови го врши Општината Делчево од средства предвидени со Буџетот на Општината Делчево, и средства од заинтересирани правни и физички лица согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на град Делчево.

**Број 07-106/1** **СОВЕТ НА ОПТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02.2009 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за установите (" Сл. весник на РМ" бр.32/05), член 12, став 3 од Законот за музеите ("Сл.весник на РМ" бр.66/04), како и врз основа на член 18 од Актот за основање на локален музеј на град Делчево "Пијанец" ( "Сл.гласник на ОпШтина Делчево" бр.1/2009), Советот на ОпШтина Делчево, на својата 34. седница одржана на ден 18.02.2009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Статутот на Локален историски, археолоШки, етнолоШки и природно - научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО " ПИЈАНЕЦ"**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Статутот на локалниот историски, археолоШки, етнолоШки и природно - научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО "ПИЈАНЕЦ" ДЕЛЧЕВО, број 01-1 од 09. 02. 2009 година, донесен од страна на Управниот одбор на МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО " ПИЈАНЕЦ" ДЕЛЧЕВО, на седницата одржана на ден 09. 02. 2009 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на ОпШтина Делчево".

**Број 07- 107/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02. 2009 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 34.седница одржана на 18.02.2009 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма на СОУ "М.М.Брицо" за работа во учебната 2008/2009**

1. Се усвојува Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за реализација на Годишната програма на СОУ "М.М.Брицо" за работа во учебната 2008/2009.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07- 108/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02.2009 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 34.седница одржана на 18.02. 2009 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ОУ "Ванчо Прке" во учебната 2008/2009**

1. Се усвојува Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ОУ "Ванчо Прке" во учебната 2008/2009.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-109/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02. 2009 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 34.седница одржана на 18.02.2009 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај за работата**
**на ОУ "Св.Климент Охридски" во првото полугодие**
**во учебната 2008/2009**

1. Се усвојува Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ОУ "Св.Климент Охридски" во првото полугодие
во учебната 2008/2009.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-110/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02. 2009 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 34.седница одржана на 18.02. 2009 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Финансискиот план на**
**ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2009 година**

1. Се усвојува Заклучокот за усвојување на Финансискиот план на ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-111/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02. 2009 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р**

Врз основа на член 36 став од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 34.седница одржана на 18.02. 2009 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на**
**овластениот инспектор за заштита на животната средина**

1. Се усвојување на Годишниот извештај за работата на овластениот инспектор за заштита на животната средина.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-112/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02. 2009 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на општина Делчево на својата 34.седница одржана на 18.02. 2009 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Планот за вршење на инспекциски**
**надзор на Општина Делчево за 2009 година**

1. Се усвојува Заклучокот за усвојување на на Планот за вршење на инспекциски надзор на Општина Делчево за 2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Број 07-113/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**18.02. 2009 год.** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

## ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 2009 - 2011

**Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник број 5/2002), член 143 став 1 и 2 од Деловникот на Советот на Општина Делчево ( Сл. гласник на Општина Делчево број 12/2006), Советот на Општина Делчево на својата редовна 34-та седница одржана на ден 18.02.2009 година, донесе**

## ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 2009 - 2011 ГОДИНА

Поранешните централно-планирани економии сеуште се рангираат како најниско енергетско-ефикасни во светот. Во транзиционите економии технологиите за енергетска ефикасност нудат начин за да ја подобрат економската благосостојба преку намалување на еколошките загадувања предизвикани од употребата на енергија, вклучително и стакленичките гасови. Трансферот на вакви технологии во овие земји може да придонесе за намалување на ризикот од глобалната промена во климата.
Потребата од замена на постоечкото улично јавно осветлување со ново кое штеди енергија ќе придонесе за заштеда на скапоцената енергија како и зголеми приходот на општината од средствата што Општината ќе ги добива.
Целта на изготвување на програмата за енергетска ефикасност во уличното осветлување на општина Делчево е двојна: прво, да се соберат информации за потрошувачката на енергија во уличното осветлување и второ, да даде препораки за спроведување на проектот за енергетска ефикасност во уличното осветлување врз база на идентификувани можности за заштеда на енергија во општината.
Квалитативните и квантитавните информации беа собрани за уличното осветлување под општинска одговорност. Овие собрани податоци, коишто се внесени во базата на податоци, се анализирани и како резултат се презентирани главните заклучоци.

Годишната вкупна потрошувачка на енергија за уличното осветление на територијата на цела општина за 2007 година изнесува околу 550.709 кЊх и вкупни трошоци за енергија од 2.312.981 денари.

Општина Делчево има потенцијал за енергетска ефикасност, посебно во уличното осветлување. Воедно, со зголемување на цените на електрична енергија на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, а со тоа и на општината, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од 5%-10% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност. Резултатите од анализите покажуваат дека вкупната годишна потрошувачка на енергија за улично осветлување во наредниот период може да се намали до 60% и повеќе.

Вкупните капитални потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во уличното осветлување во општина Делчево во периодот 2009-2011 се проценети на 6**.267.745** денари.

## 1 ВОВЕД

Во општина Делчево постои значителен потенцијал за зголемување на енергетска ефикасност во уличното осветление.

Трошоците за потрошена електрична енергија во јавното осветлување заземаат голем дел од буџетот на општината. Со цел да се намалат трошоците и потрошувачката на енергија и да се подобрат условите за одржување на уличното осветление потребно е да се применат мерки за енергетска ефикасност.

Главната цел на Програмата за Енергетска Ефикасност во Уличното осветлување во општина Делчево е да се намали потрошувачката на енергија кај уличното осветление во општината, а со тоа да се подобри економијата на општината. Освен тоа, се очекува спроведување на оваа програма да влијае и на општата состојбата на општината на следниве начини:

- Елиминирање на негативата во расходната стапка за електрична енергија, одржување и проширување на постоечкото осветлување,
- Поквалитетно осветлување,
- Нови и современи светилки,
- Елимирање на приговорите на граѓаните за дефекти на светилките,
- Ниски трошоци на одржување на уличното осветлување после гарантниот период со унифицирањето на светилките,
- Поголеми слободни финансиски средства за развој на Општината,
- Зголемена свест за енергетски заштеди кај одговорните лица во општината кои донесуваат одлуки, извршителите и крајните потрошувачи.

Намалувањето на потрошувачката на енергија исто така позитивно ќе влијае на животната средина, бидејќи со тоа ќе се намалат штетните емисии од сегашните светилки.

### *1.1 Општина*

Општина Делчево го зафаќа северо-источниот дел на Макеоднија. Сместена е во котлината Пијанец и се протега по горниот тек на Брегалница. На југ се граничи со општина Пехчево и Берово, на запад со Виница, на северо-запад со М. Каменица, а на исток и северо-исток со Р. Бугарија. Се наоѓа на 164 км источно од Скопје, 146 км југозападно од Софија, Р.Бугарија и 180км северно од Солун, Р. Грција, во подножјето на планината Голак. Се наоѓа на

надморска височина од 600-700 метри, климата е умерено-континентална со средна годишна температура од 10,7 степени Целзиусови.
Градот Делчево се снабдува со вода за пиење од атарот на село Тработивиште, каде има изградено водозафат на река Лошана, бунар и филтер станица. Поголем број од руралните населби се снабдуваат со вода преку локалните селски водоводи и чешми. Со цел за долгорочно решавање на водоснабдувањето на градот Делчево, во фаза на изградба е брана и акумулација на река Лошана. Овој хидросистем ќе обезбедува водоснабдување и за сите попатни населби во насока на општинскиот центар.
Во градот Делчево одведувањето на комуналните отпадни води се врши заедно со атмосферските води преку постојната канализациона мрежа. Во тек е изработка на техничка документација за изградба на станица за пречистување на отпадни води. Планирано е кон пречистителната станица да се приклучат и селата Габрово и Звегор. Останатите селски населби не располагаат со канализациони системи, поради што за поголемите од нив се подготвува изградба на посебни канализациони системи и автономни станици за прочистување на отпадни води.
Општина Делчево е поврзана со електро-енергетскиот систем на Република Македонија преку 110 КВ далновод Кочани-Македонска Каменица-Делчево-Берово. Преку локалниот електродистрибутивен систем се обезбедува високо квалитетно и стабилно снабдување со електрична енергија на градот Делчево и на сите селски населби во општината.
Телекомуникациската поврзаност на општината со останатите региони на Република Македонија и со странство е добра.
Постојната мрежа на патишта со пропратната опрема и објекти овозможува релативно добар и безбеден сообраќај на целиот простор на општината. Со квалитетно изградени асфалтирани патишта се опфатени скоро сите населби, со исклучок на некои селски населби од разбиен тип.

### *1.2 Применет метод за детална обработка на програмата за енергетска ефикасност во уличното осветлување за општината*

#### *Методологија*

Цел на оваа програма е да ги собере квантитативните и квалитативните податоци и врз основа на базата на податоци наменета за општината, да направи анализи чиишто резултати ќе ги сумира во оваа програма. Врз основа на овие резултати и изработената методологија, се идентификуваат начини за бирање на објектите кои се приоритетни за спроведување на проекти од областа на енергетска ефикасност, во зависност од потенцијалот за намалување на потрошувачката на енергија и носење на одлуки, како и давање на препораки за идни чекори за зголемување на енергетската ефикасност и заштеда на енергија во општината.

### *1.3. Правна рамка*

За исполнување на програмата и целите за енергетска ефикасност во општина Делчево потребно е да се почитуваат законските начела и прописи во Република Македонија.

Сепак, постојат повеќе правни области каде може да се изврши интервенција и подобрување на законските регулативи со цел да се допринесе кон подобрување на енергетската ефикасност. На пример, постојниот начин на наплата на услугите за улично осветление е доста комплициран. Сите домаќинства, без разлика на бројот на членови во нив, како корисници на електрична енергија, преку сметката за електрична енергија,

плаќаат комунална такса за користење и одржување на јавното осветление. Оваа комунална такса денес изнесува 102,00 денари/ домаќинство/ месец и 204 денари/фирма/месечно. Средствата коишто дистрибутивното претпријатие "Електростопанство на Македонија – ЕВН" ги прибира по тој основ, а кои според законот треба ги стави на располагање на општината. Поради овој прилив на средства, општината често ангажира правни субјекти – фирми за одржување на инсталациите за улично осветление, па доаѓа до чести недоразбирања и до намалување на квалитетот во одржувањето и употребата на ефикасни извори на светлина.

## 2. СЕГАШНА СИТУАЦИЈА

### *2.1 Основни процени*

Општината Делчево има потенцијал за енергетска ефикасност. Воедно, со зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од 5%-10% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност (ЕНЦОН).

### *2.2 Јавно осветлување во општина Делчево*

Јавното осветление, а со тоа и уличното осветление, спаѓа во поважните комунални дејности на локалната самоуправа ако не и едно од приоритетните во општината. Доброто улично осветление, гледано само од квалитетен аспект (повисока осветленост на улиците) подразбира поголеми трошоци за потрошена електрична енергија и негово одржување. Системот за улично осветление е во сопственост на општината која е одговорна за негово функционирање, одржување и унапредување. Целокупната активност на оваа дејност во општината денес се сведува на ангажирање на правни лица врз основа на договор за извршување на работи за одржување (главно замена на прегорени сијалици и поставување на нови светилки).

Врз основа на собраните податоци и направените анализи наведени се потребни мерки кои треба да бидат составен дел на идна сеопфатна програма за енергетска ефикасност на улично осветление во општината. Направените анализи и добиените сознанија кои се изложени укажуваат дека изработка и реализација на таква програма е неопходна и мошне корисна.

Во следнава табела се дадени основните информации за уличното осветление во општина Делчево:

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Општина Делчево | |
| Адреса: Методи Митевски Брицо бр. 40 | |
| Градоначалник: Мирко Иванов | Телефон: 033/411 550 |
| Емаил: опдеЖсонет.цом.мк | Факс: 033/411 550 |

2. ТЕХНИЧКИ ИНФОРАЦИИ

2.1. Општи податоци за уличното осветлување во општина Делчево

| | | |
|---|---|---|
| Вкупен број на улични светилки | Парчиња | 962 |
| Вкупна инсталирана моќност на уличните светилки | кЊ | |
| - Сијалици | кЊ | 125 |
| - Пригушници | кЊ | 14 |
| - Сијалици | кЊ | 250 |
| - Пригушници | кЊ | 40 |
| - Сијалици | кЊ | 400 |
| - Пригушници | кЊ | 35 |
| Вкупен број на живини светилки со висок притисок (ХПМЛ) | Парчиња | 962 |
| - ХПМЛ 125 Њ | Парчиња | 680 |
| - ХПМЛ 250 Њ | Парчиња | 236 |
| - ХПМЛ 400 Њ | Парчиња | 46 |
| Вкупен број на други типови на сијалици | Парчиња | 0 |
| Вкупен број на електрични броила за улишно осветлување | | |
| - Еднотарифни електрични броила | Парчиња | |

## *3. Потенцијал за енергетска ефикасност во општината*

Општината Делчево има потенцијал за енергетска ефикасност. Потрошувачката на електрична енергија за улично осветление во општина Делчево во минатите неколку години е зголемена за околу 40%. Ова покажува дека развојот на уличното осветление е во корелација со економскиот развој на општината и следствено општината – колку развојот на општината е поинтензивен се одвојуваат повеќе средства за оваа комунална дејност. Оттаму, се јавува се поголема потреба од користење на ефикасни извори (светилки) и управување на уличното осветление, со цел за постигнување на заштеди на електрична енергија и истовремено поголем животен век на светилките и повисок степен на осветленост која се постигнува со нив.
На ниво на Македонија просечната годишна потрошувачка на улично осветление по жител изнесува 37 кЊх додека просечното време на користење на уличното осветление изнесува околу 4.015 часови годишно. Земајќи во предвид дека споредбените податоци за општините во Европа се двојно помали од тие кај нас, несомнено се јавува потребата од спроведување на реконструкција на уличното осветление во општината со цел за подобрување на за енергетска ефикасност на уличното осветление.
Во општина Делчево се предлага проект за енергетска ефикасност на улично осветление. Енергетската ефикасност на уличното осветление во општина Делчево врз основа на замена на постојните живини светилки со флуоросцентни светилки дава резултати сумирани во следната табела:

| ПРОЕКТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО | | Септември 2008 |
|---|---|---|
| Подготвено | Општина Делчево | |
| Објект | Улично осветлување во општина Делчево | |
| | | |
| Име на проектот | Реконструкција на уличното осветлување во општина Делчево | |
| Област на работа | Улично осветлување во општина Делчево | |

| Постојна ситуација: | |
|---|---|
| Уличното осветление во 9 населени места во општина Делчево е направено од живини сијалици со висок притисок (ХПМЛ) со инсталирана моќност од 125Њ, 250 Њ и 400Њ. Според програмата за одржување на уличното осветление во општина Делчево за 2008 година, вкупниот број на инсталирани светилки во општина Делчево е 962. Типот на светилките е следен: со живини сијалици со висок притисок (125Њ:680 комада; 250Њ:236 комада и 400Њ:46комада). Годишната потрошувачка на електрична енергија за периодот на 2008 година би требало да биде 734.625 кЊх (под услов сите светилки да работат) за што треба да се фактурира вредност од МКД 3.103.054 без ДДВ 18%. | |
| Препораки за енергетска ефикасност во уличното осветлување | Работни часови 4,015х |
| Се препорачува замена на 962 постојни светилки со висок притисок (ХПМЛ) во општина Делчево со 962 високо ефикасни и штедливи флуоросцентни светилки од кои што 525 светилки се со инсталирана моќност од 1џ36Њ, 273 светилки со инсталирана моќност од 1џ55Њ, 164 светилки со инсталирана моќност од 2џ55Њ. Како резултат на спроведувањето на ваков проект, се очекува да се добие намалување на околу 60% (и повеќе) на инсталираната моќност на уличното осветление во општината Делчево. Со проектот се предвидува демонтажа на старите светилки и инсталација на нови флуоросцентни светилки. Реконструкцијата на општинското улично осветление ќе резултира со заштеди на електрична енергија со минимум вкупна вредност од МКД 2.169.094,00. Очекуваните годишни трошоци за одржување на светилките во општина Делчево ќе се намалат, и за периодот на повратокот на инвестицијата ќе бидат МКД 0. | |

***4. Заклучок***

1. Со замена на постоечките светилки со светилки земени во анализата, општина Делчево ќе има **годишна заштеда** преку сметките за електрична енергија од околу **2,169,094 мкд**. Разликата меѓу пресметката и појавената вредност е можна заради следниве фактори:

- На уличното светло се приклучени и други потрошувачи (билборди, дворови од јавни објекти и слично) што влијае на зголемување на сметката за електрична енергија,

- Процентот на светилки кои не работат (расипани, прегорени и искршени) што влијае на намалување на сметката за електрична енергија.

2. **Во пресметката е израчунат период на отплата од 3 години кој одговара на периодот на повратокот на инвестицијата.** Повратокот на парите ќе биде реализиран од самата заштеда што општината ќе ја оствари од заштедата на електрична енергија, трошоците за одржување и гарантен рок кој го покрива периодот на отплатата.

3. **Вкупната инвестиција** за замена на старите (постојни) улични светилки и монтажа на новите светилки кои заштедуваат електрична енергија е **6,267,745 мкд**.

На крај, од анализата може да се заклучи дека со воведување на ваков вид на штедливи светилки, општина Делчево би ги добила следниве придобивки:

**Економски:**

- Намалување на потрошувачката на енергија;
- Елиминирање на негативата во расходната стапка за електрична енергија, одржување и проширување на постоечкото осветлување,
- Ниски трошоци на одржување на уличното осветлување после гарантниот период,
- Поголеми слободни финансиски средства за развој на Општината.

**Социо-економски:**
- Стекување корпоративна општествена одговорност,
- Користење на еколошки извори на енергија,
- Заштита на животната средина преку намалување на емисиите на штетни гасови во атмосферата.

**Технолошки:**
- Инсталирање и користење нова технолошка опрема од ЕУ,
- Оптимизација на потрошувачката на енергија,
- Поквалитетно осветлување,
- Нови и современи светилки,
- Елимирање на приговорите на граѓаните за дефекти на светилките и пообрување на услугите што општината ги дава на своите граѓани,
- Намалување на оперативните трошоци за одржување.

**Дополнителни:**
Во дополнителните придобивки што општината ги има со спроведување на енергетска ефикасност во уличното осветлување се вбројуваат:
- Намалување на степенот на криминал како резултат на подобрено улично осветление,
- Намалување на сообраќајни незгоди во вечерните часови,
- Подобрување на квалитетот на живеење во општината.

Спроведување на програмата за улично осветлување ке ја спроведува Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина во соработка на одделение за локален економски развој.

**Број 07-114/1** **Совет на Општина Делчево**
**18.02.2009 година** **Претседател**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов , с.р.**

Врз основа на член 48 од Законот за градежно земјиште (Сл.Весник на РМ бр.82/08), а согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево бр.07-54/1 од 28.01.2009 година, Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 18.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
за ослободување од плаќање на надоместок
за уредување на градежно земјиште

1. Општина Делчево, како инвеститор за изградба на објект- Училишна фискултурна сала Модел 1, во дворното место на ОУ"Св.Климент Охридски" во Делчево на Гп.бр.4.1, Кп.бр.7055/2 КО. Делчево на ул."М.М.Брицо"бр.34 во Делчево, СЕ ОСЛОБОДУВА од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште.
2. Доуредувањето на градежното земјиште ќе го изврши Општина Делчево со средства од Буџетот на Општина Делчево.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 07-115/1**
**18.02.2009 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 48 од Законот за градежно земјиште (Сл.Весник на РМ бр.82/08), а согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево бр.07-54/1 од 28.01.2009 година, Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 18.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање на надоместок**
**за уредување на градежно земјиште**

4. Општина Делчево, како инвеститор за изградба на објект- Училишна фискултурна сала Модел 2, во дворното место на СОУ"М.М.Брицо" во Делчево на Гп.бр.2.9, Кп.бр.7052/1 КО. Делчево на ул."М.М.Брицо"бр.19 во Делчево, СЕ ОСЛОБОДУВА од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште.
5. Доуредувањето на градежното земјиште ќе го изврши Општина Делчево со средства од Буџетот на Општина Делчево.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр.07- 116/1**
**18.02.2009 година**
**Д е л ч е в о**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател,**
**Кирчо Иванов, с.р**